**Cineplexx Skopje City Mall**
Љубљанска 4, 1000 Скопје
www.cineplexx.mk

Соопштение за медиуми

## ДРАМА ВО ЕДЕН АКТ НА РЕТКИ ВОКАЛИ И ОРКЕСТАРСКА МОЌ

**Штраусовата трагедија за античката грчка принцеза која е настроена за одмазда, доаѓа во Мет во финалната оперска продукција „Електра“ на легендарниот режисер Патрис Шеро, кој починал во 2014 година.**



**ЕЛЕКТРА (РИХАРД ШТРАУС)**
САБОТА, 30.АПРИЛ, ВО 18:55ч
ВО ЖИВО (130мин)

Диригент: Еса-Пека Салонен
Композитор: Рихард Штраус
Режисер: Патрис Шеро
Улоги: Нина Стеме (Електра), Адриана Печонка (Кризотеми), Валтрауд Мајер (Клитемнестра), Буркхард Улрич (Егист), Ерик Овенс (Орест)

Генијалниот режисер Патрис Шеро не доживеал да ја гледа неговата одлична продукција „Електра“ на сцената во Мет. Но, неговата надмоќна визија живее со сопраното Нина Стеме – денес неспоредлива во херојските женски улоги на Штраус и Вагнер – која ја отсликува примарната потрага на Електра која е опседната и желна за крв, за одмазда, за убиството на нејзиниот татко, Агамемнон. Валтрауд Мајер е за прв пат во Мет во улога на Клитемнестра, мајка на Електра, која е и причина на нејзиниот бес. Адриана Печонка како сестра на Електра – Кризотеми. Еса-Пека Салонен, диригира со овие одлични  изведувачи. Долгогодишен соработник на Шеро е Винсент Хугует и ќе ја одржи продукцијата на ова дело во Мет.

Трејлер:http://bit.ly/1r8Qz3A